Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-7282/3
Дата: 04. 11. 2010


Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


До : Кабинет на министерот
Министер, Др. Неџати Јакупи
- тука

Предмет: Доставување на извештај од комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за ОВЖС за Проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1"

Почитуван г-дин Министер,

Во прилог Ви го доставуваме Извештајот на комисијата и Извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1", поднесено од страна на инвеститорот Македонски Електро преносен Систем Оператор "МЕПСО" АД со седиште на ул. "Орце Николов" бб од Скопје, изготвен од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1".

Со почит,

Изготвил: Хусни Тачи
Проверил: Зоран Бошев

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**ДИРЕКТОР**
**Филип Иванов**

Прилог:
- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1"

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски бр. 11-7282/3
Дата:

До : Кабинет на министерот
Министер, Др. Нејати Јакупи
- Тука

**Предмет:** Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1".

Почитуван г-дин министер,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010 и 124/2010 ) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1", на ден 26.10.2010 година изготви

## ИЗВЕШТАЈ

**за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1".**

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, на проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1", врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина изработена од "ЕКО - TEAM" ДОО од Скопје, со одговорно лице за изготвување на студијата Александра Каракашова за потребите на инвеститорот Македонски Електро преносен Систем Оператор "МЕПСО" АД од Скопје, оцени дека со предлог проектот

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

инвеститорот предвидува да започне со реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1" и комплетирање на три далекуводни полиња, односно по едно во ТС Скопје, ТС Југохром (Јегуновце) и ТС Тетово. Должината на постоечкиот далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1 изнесува околу 58,7 km и е изведен од 206 армирано бетонски и 37 челично решеткасти столбови. Поради староста, оштетеноста, нерасположливоста и непристапноста на трасата е одлучено во делот ТС Скопје 1 – ТС Југохром да се изгради нов далекувод со челично решеткасти столбови кој треба да се изврши по алтернативната предлог траса која е со должина од околу 34,5 km. На потегот ТС Југохром – ТС Тетово 1 трасата односно коридорот нема да претрпи измени. Овој дел од коридорот е со должина од околу 20,5 km и во него ќе се изврши реконструкција на далекуводот со замена на бетонските со челично решеткасти столбови. Во ТС Југохром ќе се гради ново 110 kV далекуводно поле со кое ќе се надмине крутата електрична врска т. н. "Т- штик". Трасата на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1 минува низ општините Чаир, Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Сарај, Јегуновце, Желино и Тетово. Целта на овој проект е да се обезбеди непречено и поефикасно снабдување на населбите во регионот и пошироко со електрична енергија. Истотака со овој проект ќе се зголеми стабилноста и доверливоста на мрежата во овој регион. Во Студијата за ОВЖС на проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1" разгледувани се варијантните решенија за изведба на трасата во потегот ТС Скопје 1 – ТС Југохром, од кои од страната на инвеститорот е избрана предложената алтернативна траса како реално изводлива. Во потегот ТС Југохром – ТС Тетово 1 ќе се изврши реконструкција на далекуводот со замена на бетонските со челично решеткасти столбови и во него нема предложено други алтернативи бидејќи ќе се задржи постоечката траса. Во Студијата за ОВЖС предложени се и мерки за намалување на влијанието на проектот врз животната средина.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1", му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1", во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

Со почит,

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

**Комисија:**

1. Филип Иванов
2. Зоран Бошев
3. Влатко Цветаноски
4. Хусни Тачи
5. м-р Сашко Јорданов
6. Смиљка Тенева
7. Илбер Мирта
8. Валериј Пенев
9. Фатос Балиу
10. Јадранка Иванова

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Реконструкција и изградба на 110 kV далекувод ТС Скопје 1 – ТС Југохром – ТС Тетово 1";

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk